| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски и<br><br>Љупчо Димовски, заменик на министерот за транспорт и врски |
| ПОВЕРЕНИК: | Мартин Оџаклиевски, раководител на Сектор во Министерството за транспорт и врски |

# ПРЕДЛОГ – ЗАКОН

## за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје

Скопје, декември 2008 година

**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр.19-6541/1**
**29.12.2008 година**
**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 06-02-2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 932/1 | | |

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“-Скопје, што го утврди на седницата, одржана на 29.12.2008 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски и Љупчо Димовски, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Мартин Оџаклиевски, раководител на Сектор во Министерството за транспорт и врски.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил:Катерина Јаневска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

## В О В Е Д

## 1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со цел да се надминат неповолните состојби во патната инфраструктура со одредбите од Законот за јавните патишта(“Службен весник на Република Македонија” бр.84/08) за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта основана е Агенција за државни патишта. Со членот 83 став 2 од напред споменатиот закон пропишано е дека Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонија пат” ќе продолжи да ги извршува работите од својата надлежност до влегување во сила на Законот за негов трансформација.

## 2. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Од напред изнесените причини се предлага донесување на Закон за трансформација на постојито Јавно претпријате за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонија пат”.

Со одредбите од Предлогот на законот со кој се пропишува начинот и постапката согласно кои ќе се изврши трансформацијата на ЈП “Македонија пат”.

Со одредбите од Предлогот на законот се предлага постојното јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонија пат” да се трансформира во две новоосновани акционерски друштва во државна сопственост и тоа: АД за одржување на државните патишта и АД за давање на услуги на државните патишта.

Со одредбите од законот предвидено е трансформацијата да биде извршена врз основа на План за поделба, кој ќе биде изготвен од страна на јавното претпријатие “Македонија пат” а кој ќе го утврди и донесе Владата на Република Македонија.

Согласно одредбите од законот Планот за поделба ќе биде изготвен согласно претходно проценетата вредност на капиталот на ЈП “Македонија пат” утврдена од страна на независен проценител избран на јавен оглас.

Со законот предвидена е можност ново онованите акционерски друштва да се приватизираат на начин и постапка утврдени со закон.

Целта од донесувањето на овој закон е создавање на можности постојното претпријатие да се приспособи на пазарни услови на работење,со што ќе се надминат неповолните состојби.

## 3. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите од предлогот на Законот ќе имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства кои во моментов не можат да се определат.

## 4. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ,ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Одредбите од предлогот на Законот ќе имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства кои во моментов не можат да се определат.

Предлог на Закон за трансформација на

Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија пат“ – Скопје

Член 1

Со овој закон се уредува трансформацијата на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта „Македонија пат“ – Скопје (во понатамошниот текст: ЈП "Македонија пат").

Член 2

Под трансформација во смисла на овој закон се подразбираат статусни промени на ЈП "Македонија пат", на начин и услови утврдени со овој закон.

Член 3

Трансформацијата на ЈП "Македонија пат" се врши со поделба на постојното ЈП "Македонија пат" на два нови субјекти во државна сопственост и тоа:

- Акционерско друштво за одржување на патиштата „Македонија пат - одржување“ – Скопје и
- Акционерско друштво за услуги на патиштата „Македонија пат – услуги“ – Скопје.

Актите за основање на правните субјекти од став 1 на овој член ги донесува Владата на Република Македонија.

Член 4

Трансформацијата на ЈП "Македонија пат" ќе биде извршена согласно Планот за поделба на ЈП "Македонија пат".

Планот за поделба ќе го изготви ЈП "Македонија пат" врз основа на претходно проценета вредност на државниот капитал на ЈП "Македонија пат", утврдена од страна на независен овластен проценител избран на јавен оглас. Проценетата вредност на државниот капитал, се утврдува со примена на методот корегирана книговодствена вредност, со состојба на ден 31.12.2008 година.

Планот за поделба особено содржи одредби за начинот на кој ќе биде извршен преносот на проценетиот имот, правата и обврските на ЈП "Македонија пат" врз новоосновaните друштва, деталeн опис на распределбата, креирање на почетни биланси на состојба и вработените.

Планот за поделба го верификува Владата на Република Македонија.

Член 5

Во постапката на трансформација на ЈП "Македонија пат", имотот, средствата, вработените, правата и обврските на ЈП "Македонија пат" ќе се поделат согласно Планот за поделба од член 4 на овој закон и тоа:

1) Имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со одржувањето на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта ќе се пренесат на Акционерско друштво за одржување на патиштата „Македонија пат - одржување“ – Скопје и
2) Имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со давање на услуги на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта ќе се пренесат на Акционерско друштво за услуги на патиштата „Македонија пат – услуги“ – Скопје.

Член 6

Трансформацијата на ЈП “Македонија пат“ не може да биде на штета на доверителите кон ЈП “Македонија пат“ по било која правна основа.

Член 7

Новооснованите друштва, настанати со трансформацијата на ЈП “Македонија Пат" се организираат како Акционерски друштва во државна сопственост, со можност за нивна приватизација согласно со закон.

Трансформацијата на ЈП “Македонија Пат" завршува со уписот на новооснованите друштва во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 8

Во постапката за трансформација на ЈП “Македонија пат“ соодветно се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## 1.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со одредбите од предлогот на законот се пропишува постапката и начинот на трансформација на Јавното претпријатие за одржување на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат".

Имено, со членот 3 од предлогот на законот се предлага трансформацијата на постојното претпријатие "Македонија пат" да се изврши со негова поделба на две нови акционерски друштва во државна сопственост и тоа:

- Акционерско друштво за одржување на патиштата "Македонија пат"
- Акционерско друштво за давање на услуги на патиштата "Македонија пат"

Согласно одредбите од предлогот на законот трансформацијата ќе се изврши врз основа на План за поделба изготвен од страна на ЈП "Македонија пат" согласно претходно проценетата вредност на капиталот од страна на независен проценител избран на јавен оглас.

Со цел да се обезбедат доверителите кои имаат побарувања према претпријатието,со членот 5 од Предлогот на законот, предвидено е дека трансформацијата не можат да биде на нивна штета.

Со членот 6 од законот предвидена е можност новоосnованите акционерски друштва во државна сопственост настанати со трансформацијата да можат да се приватизираат на начин и постапка уеврдени со закон.

Со законот истотака е предвидено дека во постапката за трансформација на претпријатието соодветно ќе се применуваат одредбите на Законот за трговски друштва.

## 2. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените решенија од Предлогот на законот пропишана е постапката и начинот на трансформација на постојното Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат".

## 3. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија од законот согласно кои се предлага постојното Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат" да се трансформира во две новоосновани акционерски друштва во државна сопственост, ќе се овозможи да се надминат неповолните состојби во претпријатието и ќе се создадат услови за негово приспособување на пазарните услови на работење.